РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 09. 05. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 29 | 2189/0 | | |


До

**Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

**Клубот на пратенички**

ПРЕДМЕТ: **Доставување на ПРЕДЛОГ - ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НАРОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НАСОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2022-2024**

Почитувани,

Ви го доставуваме Предлог - Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022 – 2024.

Група пратеници

Гордана Сиљановска Давкова ______________

Лолита Ристова ______________

Собрание на Република Северна Македонија

# ПРЕДЛОГ ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2022-2024**

*Донесен од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на седница одржана на XX XX 20XX година*

## Поимник[1]

### Родова еднаквост
Еднакви права, должности и можности за жените и мажите, девојчињата и момчињата.

### Вклучување на родовите аспекти
Системско земање предвид на разликите во условите, состојбите и потребите на жените и мажите во сите политики и активности.

### Алатки за вклучување на родовите аспекти
Оперативни инструменти што можат да се користат одделно или комбинирано за обликување меѓусебно многу различни програми, во поглед на нивните цели, пристапи и димензии.

### Процена на родовото влијание
Алатка за политики што служи за разгледување на предлог-политиките, со цел да се утврди и да се процени различното влијание на дадената политика или на нејзините ефекти врз жените и мажите, така што секоја нееднаквост ќе може да биде отстранета пред донесувањето на предлогот.

### Родова анализа
Критички преглед на тоа како разликите во родовите улоги, активностите, потребите, можностите и правата им влијаат на жените, мажите, девојчињата и момчињата во дадена политичка област, состојба или контекст.

### Родови квоти
Инструмент за позитивни мерки чија цел е постигнување родово балансирано учество и застапеност преку воведување точно определена пропорција (процент) или број места што ќе им се доделат на жените и/или мажите, најчесто под одредени правила или критериуми.

### Родово сензитивно буџетирање
Примена на концептот на вклучување на родовите аспекти во буџетскиот процес. Тоа налага процена на буџетите од аспект на родовите прашања, вклучување на родовата перспектива во сите фази на буџетскиот процес и преструктуирање на приходите и на расходите за да се унапреди родовата еднаквост.

### Обука за родова еднаквост
Секоја образовна алатка или процес чија цел е носителите на политики и другите актери во ЕУ и нејзините земји членки да станат посвесни за прашањата поврзани со родовата еднаквост, како и да ги изградат своите капацитети за родови прашања и да им помогнат за унапредување на целите за родовата еднаквост во нивното работење на сите нивоа.

---

[1] Европски институт за родова еднаквост (2019): *Поимник & речник,* достапен на https://eige.europa.eu/thesaurus

## 1. ВОВЕД[2]

Република Северна Македонија е посветена на унапредување на родовата еднаквост во согласност со начелата на ОН, ЕУ, Советот на Европа, ОБСЕ и националните стандарди и политики. Еднаквоста помеѓу мажите и жените е суштинска вредност и двигател на економскиот раст. Родовата еднаквост значи дека мажите и жените имаат еднакви права и можности за остварување на својот сопствен потенцијал – преку придонес кон економскиот и социјалниот развој на својата земја, влечејќи придобивки од нивното учество во општественото живеење.

Иако се бележи одреден степен на напредок, особено во последните две децении, во поглед на отстранување на пречките за учеството на жените во политичкиот и во јавниот живот насекаде низ Европа, сепак жените и понатаму се **недоволно застапени на сите нивоа во процесите на донесување одлуки**. Во просек, жените пополнуваат **помалку од третина од местата** во националните парламенти во државите учеснички на ОБСЕ, и уште помал процент од локалните извршни позиции (градоначалнички). Застапеноста на жените и нивната вклученост во политичките процеси мора да биде клучен аспект на демократските процеси на одлучување. Покрај тоа, истражувањата покажуваат дека активната вклученост на жените во политичките процеси на донесување одлуки има многу позитивни ефекти врз општеството како целина и придонесува за подобрување на животите на луѓето.

**Парламентите се најважните демократски институции,** тие имаат политичка и културолошка должност да предлагаат и да ги одржуваат политичките процеси и политики чија цел е ефективна застапеност на жените. Со оглед на тоа, парламентите треба да обезбедат дека во нивните заложби за пофер и поправедно општество е вклучена и родовата перспектива.

### 1.1 Што се родово сензитивни парламенти?

Еден парламент е родово сензитивен доколку активно ја почитува и работи на постигнување на родовата еднаквост. Интерпарламентарната унија (ИПУ) ги **дефинира родово сензитивните парламенти** на следниов начин:

---

[2] Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија е изработен со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР). Содржината на планот на активности е одговорност на Собранието на Република Северна Македонија и на ниту еден начин не го изразува мислењето или ставовите на ОБСЕ.

*Родово сензитивен парламент е оној што ги задоволува потребите и интересите и на мажите и на жените во рамките на својот состав, структури, постапки, методи и работа. Родово сензитивните парламенти ги отстрануваат пречките за целосно учество на жените и даваат позитивен пример или модел за општеството како целина. Тие се залагаат нивните постапки и ресурси ефективно да се користат за унапредување на родовата еднаквост.*

*Родово сензитивен парламент е оној во кој не постојат пречки – суштински, структурни или културолошки – за целосно учество на жените и за еднаквост помеѓу неговите членови и членки и персонал. Тоа не е само место каде што жените можат да работат, туку и место каде што жените сакаат да работат и да дадат свој придонес.*
*Родово сензитивниот парламент дава позитивен пример за унапредување на родовата еднаквост и охрабрување на жените во општеството и на национално и на меѓународно ниво.*

*Според тоа, родово сензитивниот парламент е современ парламент; онаков што ги допира и ги отсликува потребите за еднаквост во модерното живеење. Најпосле, тоа е парламент што е поефикасен, поефективен и полегитимен.*[3]

Парламентите се работни институции со свои **правила, внатрешни процедури и специфична родова култура како и секое друго работно место**; да се биде жена или маж во парламентот е различно во смисла на моќта и влијанието. Сепак, парламентите се многу специфични работни средини бидејќи тие се симбол на демократијата и на законитоста и се задолжени за носење закони, одредување на даноците и надзор врз работата на владата преку јавни расправи.

Родово сензитивните парламенти не се едноставна и „статична“ појава, туку покажуваат висока комплексност и промена низ времето и помеѓу земјите. Нема исклучиво една патека што води до родова сензитивност: една земја може да започне од зголемување на бројот на пратенички, додека, пак, друга може да се фокусира на создавање политички партии со повисока свест за родовите прашања. Но, заедничко за сите е што родово сензитивните парламентарни институции се поефикасни и подобро ги задоволуваат различните потреби на мажите и на жените[4].

---

[3] Интерпарламентарна унија (2012): *Акциски план за родово сензитивни парламенти*. Женева, страница 8.

[4] Види и Европски институт за родова еднаквост (2019): *Родово сензитивни парламенти. За што служи алатката?* достапно на https://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/toolkits/gender-sensitive-parliaments/what-tool

## 2. РЕЗИМЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2020-2021

На 15 јануари 2020 година, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на Република Северна Македонија, во соработка со Клубот на пратенички и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, одржа јавна расправа за Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието за периодот 2020-2021, на која истиот едногласно беше усвоен. На истекот на периодот за имплементација на овој документ, направена е евалуација во која се презентирани утврдените наоди и состојби, и дадени се препораки и заклучоци за зајакнување на можностите на Собранието на РСМ да ја унапреди состојбата во областа на родовата еднаквост и да носи родово сензитивно законодавство и други акти.

Наодите од евалуацијата генерално се задоволителни. Утврдено е дека и покрај ограничувањата од актуелната здравствена, политичка и економска криза, резултатите се видливи, бидејќи прашањето за родовата еднаквост е издигнато на повисоко ниво во законодавниот дом, низ јавни расправи дебатирани се теми поврзани со еднаквите можности на жените и мажите и се донесени заклучоци кои преку институциите се преточувани во резултати. Република Северна Македонија е лидер во регионот кога станува збор за учество на жените во парламентот. Во парламентарниот состав 2020-2024, во моментот на спроведување на евалуацијата од 120 пратеници, 49 (40,8%) се жени, а 71 (59,2%) се мажи. За поздравување е целосната финансиска и делумната административна независност која позитивно влијае на унапредувањето на родовата еднаквост во управувањето со човечките ресурси. Позитивен е наодот за подготвеноста на Собранието да ја вклучи родовата перспектива во Деловникот и во Законот за Собрание. Законодавниот дом на РСМ направи измена и дополнување на Актот за систематизација на собраниската служба и воведе ново работно место - советник за родови прашања. Евалуацијата потврди дека парламентарниот институт со своите капацитети е одличен ресурс за подготовка на прегледи и компаративни анализи како поткрепа на иницијативите на Комисијата за еднакви можности и Клубот на жени пратенички.

Истовремено, евалуацијата препознава простор за натамошно унапредување на родовата еднаквост во Собранието, преку низа препораки. Препознатливи се потребите за воведување квота за градоначалнички, за покажување на поголема политичка волја и поддршка во процесот на управувањето со човечки ресурси во Собранието, како и за воспоставување на родов баланс во учеството на жените и мажите во собраниските тела. Важни прашања се и родовата интеграција во законите и пополнувањето на новововеденото работно место – советник за родови прашања.

Заклучоците и препораките од евалуацијата на првиот план се основа за идните активности на Собранието како највисок центар на демократијата. Охрабрувачка е подготвеноста на парламентарниот состав за иницирање активности кои ќе ја унапредат родовата еднаквост, ќе го зголемат демократскиот капацитет на државата при што бенефит ќе имаат сите граѓани на Република Северна Македонија. Во таа насока треба да се предвидат и обврските за следниот План

на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието за периодот 2022-2024 година.

## 3.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2022-2024

Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2022-2024 е вториот по ред стратешки документ кој има за цел целосна институционализација на родовата сензитивност во законодавниот дом.

Слично како и претходниот план, Планот на активности 2022-2024 е изготвен во еден транспарентен, инклузивен и меѓупартиски процес а како главни носители на процесот се Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички со техничка и професионална поддршка од стручната служба на Собранието на Република Северна Македонија.

Како резултат на наодите и препораките на Извештајот за имплементација на Планот на активности 2020-2021 и одржаните работилници во ноември 2021 и март 2022, Комисијта за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички го финализираа Планот на активности 2022-2024.

Планот на активности ја има истата структура и стратешки цели како претходниот план а додадена е и посебна област за активности и мерки каде како главен носител се јавува Клубот на пратенички.

Сите мерки и активности во Планот на активност 2022-2024 се групирани во пет стратешки цели:

- Стратешка цел 1: Жените и мажите имаат еднакви можности за **ВЛЕЗ** во парламентот;
- Стратешла цел 2: Жените и мажите имаат еднакви можности за **ВЛИЈАНИЕ** во работните процедури на парламентот;
- Стратешка цел 3: Интересите и потребите на жените имаат соодветно **МЕСТО** на дневниот ред на парламентот;
- Стратешка цел 4: Парламентот изработува родово сензитивно **ЗАКОНОДАВСТВО;**
- Стратешка цел 5: Парламентот ја исполнува својата **СИМБОЛИЧНА** функција

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1: Жените и мажите имаат еднакви можности за ВЛЕЗ во парламентот**<br>**Област 1.1.: Родови квоти и родово сензитивни политички партии** | | | | |
| 1.1.1 Измена на Изборен законик и воведување 50 % родова квота | Родово балансиран собраниски состав | 41,6 % пратенички,<br>58,4 % пратеници<br><br>Состојба на 12.11.2021 | Советник за родови прашања[5];<br><br>Пратенички групи;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Клуб на пратенички | До крај на 2022 година |
| 1.1.2 Во случај на воведување нов изборен модел, да се изработи анализа на влијанието врз родовата застапеност во Собранието на РСМ | Анализата е консултирана пред донесувањето на измените на изборниот модел;<br><br>Направена консултација со експертската јавност и граѓанското општество | Достапни се повеќе анализи на темата изработени од Парламентарниот институт | Советник за родови прашања;<br><br>Парламентарен институт;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Клуб на пратенички | Доколку се предложи нов изборен модел |

[5] Позицијата Советник за родови прашања е систематизирано во актите за внатрешна организација и систематизација во Собранието на Република Северна Македонија. Советникот за родови прашања заедно со работната група се надлежни за следење на реализацијата на сите активности и мерки вклучени во Планот на активности 2022-2024

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 1: Жените и мажите имаат еднакви можности за ВЛЕЗ во парламентот**<br>**Област 1.2.: Родово сензитивен систем за управување на човечки ресурси** | | | | |
| 1.2.1 Анализа (ex-ante) на Законот за вработени во јавен сектор, Законот за административни службеници и Законот за висока раководна служба од аспект на родот | Спроведена ex-ante анализа на двата закона | Нема соодветна анализа | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Клуб на пратенички | Пред донесување на новиот Закон за вработени во јавен сектор, Закон за административни службеници и Закон за висока раководна служба |
| 1.2.2 Да се изработи компаративна анализа за родово сензитивни и семејно сензитивни процедури за работа и работна средина вклучувајќи и флексибилно работно време | Спроведена анализа од страна на Парламентарен институт, а на барање на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Препораките се претставени и дискутирани | Процедурите за работа се родово неутрални | Советник за родови прашања;<br><br>Парламентарен институт;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите | Во текот на 2022 година |

| Активност/Мерка | Резултат / Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 2: Жените и мажите имаат еднакви можности за ВЛИЈАНИЕ во работните процедури на парламентот**<br>**Област 2.1.: Присуство и капацитет на пратениците и стручната служба во Собранието** | | | | |
| 2.1.1. Измени и дополнувања на Деловникот, Законот за Собрание на РМ и Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието на РМ | Деловникот, Законот за Собрание и Кодексот за етичко однесување со измените и дополнувањата стануваат родово сензитивни и се воведуваат родови квоти | Деловникот, Законот за Собрание и Кодексот за етичко однесување не содржат родово сензитивни одредби | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Клуб на пратенички;<br><br>Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања;<br><br>Законодавно правен сектор | Во текот на 2022 во рамките на дијалогот Жан Моне |
| 2.1.2 При формирањето на работните тела, делегациите и пратеничките групи за соработка на Собранието на РСМ, да се обезбеди родово балансиран состав (според актуелниот процент на пратенички во тековниот мандат) | Сите работни тела се родово балансирани | Различен и небалансиран состав на работните тела | Советник за родови прашања;<br><br>Пратенички групи;<br><br>Комисија за прашањата на избори и именувања | Откако ќе стапат на сила измените на Деловникот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.1.3 По секој нов изборен процес и нов парламентарен состав воведната програма задолжително да содржи модул за родова еднаквост;<br><br>Спроведување тематски обуки за родова еднаквост за заинтересирани пратеници | Изработен модул за воведна програма;<br><br>Изработени модули, планови и материјали за еднодневна обука за родова еднаквост;<br><br>Вработените во Парламентарен институт и во релевантните сектори во Собранието се обучени да ја спроведат обуката | Ориентационата (воведна) програма содржи модул за родова еднаквост;<br><br>Одржани тематски обуки за родова еднаквост | Советник за родови прашања;<br><br>Парламентарен институт | Континуирано спроведување тематски обуки;<br><br>Спроведување модул за родова еднаквост како дел од ориентационата обука на почеток на нов пратенички мандат |
| 2.1.4 Спроведување основни и специјализирани обуки за родова еднаквост за вработени во служба | Најмалку 50 административни службеници успешно ја завршија обуката | Одржани обуки за вработените во Службата | Советник за родови прашања;<br><br>Парламентарен институт | Континуирано во периодот 2022-2024 |

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3: Интересите и потребите на жените имаат соодветно МЕСТО на дневниот ред на Собранието**<br>**Област 3.1.: Структури и алатки за интеграција на родови прашања** | | | | |
| 3.1.1 Изработка и спроведување годишна програма на јавни расправи и тематски настани на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите | Донесена годишна програма;<br><br>Одржани најмалку 6 јавни расправи/тематски настани годишно | Вкупно 4 седници, од кои 3 јавни расправи | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите; | На почетокот на секоја година |
| 3.1.2 Годишна пленарна седница на Собранието на РСМ: Унапредување на родовата еднаквост во РСМ | Седницата е одржана, донесена е резолуција, доставена до Владата на РСМ и добиен извештај за преземени мерки; | Нема тематска пленарна седница. | Советник за родови прашања;<br><br>Претседател на Собрание на РСМ;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Клуб на пратенички | Еднаш годишно |
| **Активност/Мерка** | **Резултат/Индикатор** | **Основен показател (базна година 2021)** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| **Стратешка цел 3: Интересите и потребите на жените имаат соодветно МЕСТО на дневниот ред на Собранието**<br>**Област 3.2.: Алатки за интеграција на родовите прашања за службата** | | | | |
| 3.2.1 Пополнување на работно место советник за родови прашања во Секторот на ГС | Пополнето работно место советник за родови прашања | Работното место е систематизирано со новата систематизација на Собранието на РСМ | Кабинетите на ГС на Собранието на РСМ;<br><br>Одделение за човечки ресурси | До крај на 2022 година |

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3: Интересите и потребите на жените имаат соодветно МЕСТО на дневниот ред на Собранието<br>Област 3.3.: Јакнење на меѓу партиската парламентарна соработка меѓу пратеничките** | | | | |
| 3.3.1.Редовни состаноци на претседателството на Клубот на пратенички и на Клубот на пратенички во поширок состав | Одржани месечни состаноци на претседателството на Клубот;<br><br>Одржани квартални состаноци на Клубот на пратенички во поширок состав | Состаноците не се одржуваат редовно | Советник за родови прашања;<br><br>Клуб на пратенички | Еднаш месечно (претседателството)<br><br>Квартално (во поширок состав) |
| 3.3.2. Организирање тематски настани за унапредување на правата на жените и родовата еднаквост | Организирани најмалку 2 (два) настани | | Советник за родови прашања;<br><br>Клуб на пратенички | Двапати годишно |
| 3.3.3 Лобирање за зголемување на бројот на жените во извршната власт и во локалната власт (градоначалнички) | Измени на релевантната законска рамка;<br><br>Унапредување на внатрепартискиот дијалог | Ниска застапеност на жени на позициите на власт (4 министерки и 2 градоначалнички) | Советник за родови прашања;<br><br>Клуб на пратенички | Континуирано во периодот 2022-2024 |
| 3.3.4 Организирање редовни активности за подигање на јавната свест;<br><br>Спроведување кампањи на теми поврзани со правата на жените и родовата еднаквост | Учество во активности на граѓанските и меѓународните организации поврзани со правата на жените и родовата еднаквост;<br><br>Една кампања годишно | Редовна соработка со граѓанските и меѓународните организации;<br><br>Не спроведена сопствена кампања | Советник за родови прашања;<br><br>Клуб на пратенички | Континуирано во периодот 2022-2024 |
| 3.3.5 Регионално мрежно поврзување со другите неформални парламентарни тела на пратенички | Редовни настани за размена на искуства и најдобри практики | Се одржуваат редовни регионални настани за размена на искуства | Советник за родови прашања;<br><br>Клуб на пратенички | Континуирано во периодот 2022-2024 |

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 4: Парламентот изработува родово сензитивно ЗАКОНОДАВСТВО**<br>**Област 4.1.: Политики за родова еднаквост и интегрирање на родовите прашања во законите** | | | | |
| 4.1.1 По предлог на Владата на РСМ да се донесе новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите и стратегијата за родова еднаквост | Јавна расправа за предлог-законот за родова еднаквост организирана од КЕМ;<br><br>Новиот закон создава услови за унапредување на родовата еднаквост | Постоен Закон за еднакви можности на жените и мажите донесен во 2012 | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите | До крај на 2022 година |
| 4.1.2 Годишни тематски/стручни средби со Министерство за труд и социјална политика и со координаторите за еднакви можности во министерствата и единиците на локалната самоуправа | Одржани тематски средби | Нема редовни средби | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Сектор за работни тела | Најмалку два пати годишно |
| 4.1.3 Измени на Деловникот за да се создаде обврска кон предлагачот на закон да доставува предлог-закон со ПВР кое вклучува родова анализа (тесно поврзана со активност 2.1.2) | Деловникот на Собранието е изменет;<br><br>Предлог-законите содржат родова анализа | Деловникот нема одредба што регулира родова анализа на законите;<br><br>Предлог-законите не содржат родова анализа | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Законодавно-правна комисија | Во текот на 2022 година во рамките на дијалогот Жан Моне |

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 4: Парламентот изработува родово сензитивно ЗАКОНОДАВСТВО**<br>**Област 4.2.: Надзор на родова еднаквост** | | | | |
| 4.2.1 Одржување една надзорна расправа годишно | Една расправа годишно со заклучоци;<br><br>КЕМ го следи спроведувањето на заклучоците | Нема одржани надзорни расправи на тема родова еднаквост во 2020 и во 2021 година | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Сектор за работни тела | Секоја година од 2022 година |
| 4.2.2 Постојано следење на спроведувањето на препораките од меѓународните ратификувани договори и конвенции | Одржани годишни јавни расправи за CEDAW, GREVIO и други меѓународни договори и конвенции | Не се одржуваат редовни јавни расправи во врска со мониторинг и анализа на спроведувањето на меѓународните договори и конвенции | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Постојана анкетна комисија за заштита на правата и слободите на Граѓанинот;<br><br>Интер-партиска парламентарна група за права на лицата со хендикеп;<br><br>Сектор за работни тела | Секоја година од 2022 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2.3 Теренски посети во реализација на надзорната функција на Собранието | Одржана барем една теренска посета годишно | Не се спроведуваат теренски посети | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Клубот на пратенички;<br><br>Сектор за работни тела;<br><br>Други работни тела | Секоја година од 2022 година |
| 4.2.4 Зголемување на бројот на пратенички прашања поврзани со родова еднаквост | Зголемен број пратенички прашања;<br><br>Поголемо присуство на теми поврзани со родова еднаквост на пленарни седници | Непознат број пратенички прашања за родова еднаквост | Советник за родови прашања;<br><br>Пратенички групи;<br><br>Клубот на пратенички;<br><br>Одделение за пратенички прашања | Континуирано во периодот 2022-2024 |

| Активност/Мерка | Резултат/Индикатор | Основен показател (базна година 2021) | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 5: Парламентот ја исполнува својата СИМБОЛИЧНА функција**<br>**Област 5.1.: Промоција на родова еднаквост** | | | | |
| 5.1.1 Промоција на активности за одбележување важни датуми за правата на жените и родовата еднаквост | Организирање изложби, дискусии, трибини, филмски проекции, објави на социјални мрежи и на интернетската страна на Собранието | Нема структурен план на активности за промоција на родова еднаквост | Советник за родови прашања;<br><br>Сектор за јавно информирање и односи со јавноста;<br><br>Клуб на пратенички;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Парламентарен институт | Секоја година од 2022 година |
| 5.1.2 Изработка и спроведување упатство за користење родово сензитивен јазик во работењето на Собранието | Изработено упатство по консултации со експертската јавност и граѓанското општество;<br><br>Собранието користи родово сензитивен јазик во различни околности (односи со јавност) | Собранието не користи доследно родово сензитивен јазик | Советник за родови прашања;<br><br>Комисија за еднакви можности на жените и мажите;<br><br>Сектор за јавно информирање и односи со јавност | Најдоцна до 2023 година |

## 4. РАБОТНА ГРУПА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ НА АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2022-2024

По донесување на Планот на активности 2022-2024 за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија, се формира работна група што ќе биде надлежна за следење на реализацијата на активностите предвидени со овој план.

Работната група е составена од две (2) пратенички и пратеници од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, две (2) пратенички од Клубот на пратенички, Советникот за родови прашања и пет (5) претставници на стручната служба вклучувајќи го и Парламентарниот институт и Парламентарната буџетска канцеларија.

Со работната група претседава претседателката на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, нејзина заменичка е претседателката на Клубот на пратенички со поддршка на Генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Работната група ги има следните надлежности:

- Мониторинг и контрола на спроведувањето на активностите предвидени со Планот на активности;
- Обезбедува техничка и професионална поддршка во реализацијата на активностите предвидени со Планот за активности;
- Одржува редовни месечни состаноци;
- Составува извештај за реализација на активностите предвидени во Планот за активности 2022-2024 и го поднесува до Комисијата и до Клубот;
- Врши евалуација и процена по истекување на периодот предвиден за реализација на Планот на активности;
- Врши други задачи и активности што придонесуваат кон реализација на Планот на активности.

Членовите на Работната група се избираат најкасно 10 работни дена по донесувањето на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија.

**Анекс 1:**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА СЕНЗИТИВНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2020-2021